Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04 -136/12
од 03-02-2023 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Секретарот на Општина Кисела Вода, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас 01/2023

1.За извршител на работно место **Советник за унапредување на месни заедници,** Одделение за месни заедници и невладини организации во Секторот за месна самоуправа и социјална заштита – **1 извршител,** со шифра на работно место **УПР0101В01000**, се избира кандидатот **Александра Силјаноска.**

2.Именуваниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од Точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување на административен службеник.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-136/9 од 27.01.2023 година, а во врска со Интерен оглас бр.01/2023 за работното место **Советник за унапредување на месни заедници,** Одделение за месни заедници и невладини организации во Секторот за месна самоуправа и социјална заштита изготви Записник од административната селекција бр.04-136/10 од 02.02.2023 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен заради спроведување на интервју бр.04-136/11 од 02.02.2023 година. Согласно Записник од административната селекција бр.04-136/10 на огласот единствен пријавен кандидат е Александра Силјаноска. Согласно Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-136/11 Комисијата изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог Одлука за избор на

прво рангираниот кандидат. Врз основа на приложената документација, а согласно член 52 став 1 од Закон за административни службеници се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на институцијата.

**Изработил**
раководител на Одделение
Милена Ѓоргиевска
**Контролирал/Одобрил**
Раководител на Сектор
Николче Гроздановски

СЕКРЕТАР
**на Општина Кисела Вода**
**м-р Мирко Ивановски**

------------------------

Доставено до:

- Именуваниот
- Интернет страната на Општина Кисела Вода
- Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- архива